Арх. Александар Кочишки

# Новата зграда на Театарот на народностите во Скопје

По ДОЛГИ години чекање, колективот на Театарот на народностие доби своја сопствена модерна театарска куќа. Ова е прв современ објект наменет за театарски активности изграден по ослободувањето во главниот град на нашата Република.

Овој културен центар, дело на архитектите Љубинка Маленкова и Вера Косева, во текот на месец октомври свечено ги отвори вратите за поклониците на театарската уметност.

Театарот на народностие е изграден во непосредна близина на неколку вредни архитектонски објекти од нашето историско минато и претставува завршеток на атрактивниот аглометар — Старата скопска чаршија. Овој чувствителен конфликт настанат меѓу новите архитектонски изрази и старата фолклорна архитектура на околните објекти, не нашол соодветен одраз за ненаметливо и хармонично вклопување на театарскиот објект во околниот амбиент. Содржински објектот и по хоризонтала и по вертикала е поделен на три карактеристични дела и тоа: во првиот дел е свечениот влез за публиката, гардероби, фоајеа, и главната сала — гледалиштето, во вториот дел е сцената со гардеробите за актери и сите потребни сценски простории; и во третиот дел е администрацијата на театарот. Функционално објектот е чисто и коректно архитектонски решен. Сите вертикални и хоризонтални комуникации, како за публиката така и за актерите, се чисти и логично решени.

За разлика од другите простории, се добива впечаток за програмска и проектантска предимензионираност на административниот дел.

Салата — како и сценскиот простор — квалитетно се димензионирани.. Во обработката на овој простор, како чисто архитектонски така и ентериерно, направен е виден напор на проектантите за што поблизок и потопол однос и чувство на гледачот со сцената. Посебно изработената студија за акустичност придонесува за добивање квалитетен простор без акустични дефекти.

Надворешно, Театарот на народностите се одликува со карактеристичен фасаден третман, кој исклучиво резултира од внатрешното функционално архитектонско решение. Впечатливо одбраните заоблени волуменски маси, обработени со бел штопуван малтер, доловуваат една слеана пластичност во надворешната архитектонска обликовка.

Ентериерното решение на објектот располага, исто така, со несомнени квалитети. Со употреба на многу малку материјал и со едноставни и чисто функционални решенија е постигнат бараниот ефект. Пристапот до театарот, како за посетителите — пешаци, така и за моторните возила, не е најсреќно решен.

Со изградбата на овој објект, главниот град на Македонија се здоби со толку многу дефицитарен простор, а младата македонска архитектура — со едно значајно архитектонско остварување.



БОРКО ЛАЗЕСКИ:
Самуилови војници